

**Брсјачката етнографска целина** е во склоп на западно Македонската група на носии. Таа воедно е и најголемата етнографска група во чии што состав спаѓаат повеќе етнички предели и тоа: Прилепско поле, Битолско поле, горни Битолски села и Цапарско поле, Мариово, Железник и Кичевија , Малесија, Дебарца, Струшки Дримкол, Охридско-Струшко поле и Преспа. Сите овие предели имаат свои региони што зависат исклучиво од карактеристиките на народната носија.

Овој етнички предел граничи со Мијачката етнографска целина на северо-запад.

На север со горно Вардарската, на запад со Срумско местанската и на југ со јужно Македонската етнографска целина. Задржувањето на народната носија во овој предел како и останатите од Македонија се одвива до периодот на Втората Светска војна и колективизацијата. Се карактеризира со масивни везови на околникот од кошулата и ракавите и предниците, бели горни и црни згорни облеки, повеќе типа на покривала за глава, богато изработени скутени, повеќе видови на облеки за нозе и раце и сл.

**Прилепско-Битолско поле**

Некогаш овој етнички предел имал исти карактеристики и се смета дека во цел регион се носела иста носија. Во поново време носијата е поделена на носија од Прилепско и

носија од Битолско поле. Носијата е составена од: *кошула, шајак, прегач, грло, цепениче*, *даркма*, *појас*, *ракушки*, *тресалиња*, *чорапи*, *калци*, *прцле*, *цела*, *кусале*, *фермеле*, *ќурдија*, *ракавчиња*, *крпи* *и* *шамивчиња*, *и* *соодветен* *накит* *(* *игли*, *чапрази*, *скопци*, *јадици* *)*. Отстапки меѓу двата региони се прават во однос на терминологијата.

Народната носија во пределот на Прилепско-Битолското поле , голем рамничарски предел во средниот дел на Брсјачката етничка област, е позната по тоа што во минатото била една од најдекоративните, и во исто време и најтешките носии што ги носеле жените во Македонија.

Платнените долги туниковидни кошули се украсени со густо извезени мотиви во разни бои, во кои најмногу доминира црвената во сите нијанси. Богатството и разновидноста на извезените мотиви, нивната складност и прецизност, ги карактеризираат везбените украси како едни од најубавите и најдекоративните во Македонија . Платнената летна саја и зимскиот волнен бел клашеник, украсени со извезени мотиви, срма и монистра, ткаената волнена, ситно орнаментирана скутина - опрегач, усогласени по боја, начин на украсување и орнаментика, чинат една целина со останатите делови на носијата.

Зимската облека е валанка, изработена е од дебела црна клашна, украсена со карактеристични украси од гајтани, ширити и монистра. Волнени, плетени, вкусно шарени чорапи и калци (волнени чорапи без стапало), со опинци, го оформуваат обувањето на нозете. Машката носија во Прилепско - Битолското Поле ја сочинуваат бројни облеки: аба - од бела тенка волнена ткаенина, кошула од платно со везени украси, џамадан од црна клашна, појас ткаен од темно црвена волна, како и ресачка - горна облека од црна клашна, долга до колена. Специфичност на носијата од овој регион е употребата на скутина - унечка, како составен дел на машката носија.

Зимската машка носија е сета од волнена валана ткаенина шаек, порано во бела, потоа во црна, а како моден тренд, особено за помладите, во темноцрвена боја. Бројните облеки што влегуваат во составот на оваа носија - минтан, елек, џамадан, бечви - украсени со црни оптоки, се дополнуваат со разнобојниот пругасто - шарен волнен појас. На нозете се носат волнени, плетени чорапи и кожни чевли, а на главата шубара од јагнешка кожа.



*Прилепско поле*



*Прилепско поле*



*Битолско поле*



[illegible]



*Вез на ракав од невестинска кошула-Цапарско поле*



*Вез на гради и јака на женска носија од Горна Битола*



*Битолска носија-сликана во 1928 година*



[illegible]



*Мариовска народна носија*



*Составни делови на носијата*



**Жупа и Кичевија со Дебарца** ... мали разлики па затоа се обработуваат како едно ...

*... кошула, клашеник, скутина, грлинка, чорапи, појас, курки и ...*



*Кичевска народна носија*


Chemise, sleeveless jacket and apron from Kichevo Region, Macedonia



*Кичевска народна носија*



*Носијата е составена од: кошула, клашеник, поманики, појас, скутник, цуница, цубе, куç*



*Охридска народна носија*




*...народна носија*

*...е составена од: кошула, грлинка, поманики, цуба, појас, цуница, елек, шегин, с ...ки*



*Народна носија од горна Преспа*




Носијата ... составена од: кошула, забун, грлка, елек, џубе, појас, чорапи, скутник, сокај [illegible]